Australia's Disability Strategy 2021–2031

Creating an inclusive community together

# Кус преглед на

# Австралиската Стратегија за попреченост

## 2021 – 2031

Macedonian | Македонски

DSS2697_Dec2021



Australia's Disability Strategy 2021–2031

Creating an inclusive community together

# Кус преглед на

# Австралиската Стратегија за попреченост

## 2021 – 2031



This document, *Summary of Australia's Disability Strategy 2021-2031*, is licensed under the [Creative Commons Attribution 4.0 International Licence](https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode), with the exception of:

- The *Australia's Disability Strategy 2021-2031* logo and branding
- Any third-party material
- All images and/or photographs.

More information on this CC By licence is set out at the Creative Commons website:
https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode

**Attribution**
Use of all or part of this document must include the following attribution:
© Commonwealth of Australia (Department of Social Services) 2021

Enquiries about copyright arrangements and any use of this information can be sent to the Department of Social Services:

By email:
copyright@dss.gov.au

By post:
Communications and Media
Department of Social Services
GPO Box 9820
Canberra ACT 2601

# Содржина

**Вовед** . . . . . . . . . . 1

**Визија и цел** . . . . . . . . . . 2

**Области на резултати** . . . . . . . . . . 3

- Вработување и финансиска сигурност . . . . . . . . . . 3
- Вклучителни домови и заедници . . . . . . . . . . 3
- Безбедност, права и правда . . . . . . . . . . 4
- Лична и поддршка од заедницата . . . . . . . . . . 5
- Образование и учење . . . . . . . . . . 6
- Здравје и добросостојба . . . . . . . . . . 6
- Однесување на заедницата . . . . . . . . . . 7

**Примена—Исполнување на области на резултати** . . . . . . . . . . 8

- Интерсекционалност и разноличност . . . . . . . . . . 8
- Улоги и одговорности . . . . . . . . . . 9
- Водечки принципи . . . . . . . . . . 10
- Планови за насочена акција . . . . . . . . . . 10
- Здружени планови . . . . . . . . . . 11
- Рамка на резултати . . . . . . . . . . 11
- Подобрување на податоците . . . . . . . . . . 12
- Известување според Стратегијата . . . . . . . . . . 12
- Процена на тоа што го правиме . . . . . . . . . . 12
- Создавање на база на докази . . . . . . . . . . 12
- Модел на управување . . . . . . . . . . 13
- Ангажирање на луѓето со попреченост . . . . . . . . . . 13
- Патна мапа на Стратегијата . . . . . . . . . . 13
- Веб-страница на Стратегијата . . . . . . . . . . 13
- Подготвување на Стратегијата . . . . . . . . . . 13
- Улогата на Австралиската комисија за човекови права и застапувањето . . . . . . . . . . 13



# Вовед

## *Австралиска Стратегија за попреченост 2021-2031*

***Австралиската Стратегија за попреченост* 2021-2031 ги повикува сите Австралијци да обезбедат луѓето со попреченост да можат да учествуваат како рамноправни членови на општеството.**

Нејзина суштина е посветеноста да се создаде сеопфатна заедница.

Стратегијата зборува за нашите национални стремежи внимателно да ги чуваме и воздигнеме идеалите на почитување, вклученост и еднаквост. Затоа сите влади - австралиската, на државите и на териториите и локалните - се посветени на исполнувањето на нејзините принципи.

Повеќе од еден од секои шест Австралијци има попреченост. Повеќе од секое шестто лице со кое го делиме нашиот дом и работно место, нашите улици и градови, нашите животи и срца. Тие се нашите браќа и сестри, родители и деца, колеги и соработници, партнери и пријатели.

Наша одговорност како влади, лидери и граѓани е да изградиме општество во кое луѓето со попреченост може да учествуваат како полноправни членови со еднакви можности да го реализираат нивниот потенцијал.

Успехот на оваа Стратегија лежи во реагирањето на севкупната заедница, вклучително бизнисот, невладиниот и услужниот сектор и поединците. Само работејќи заедно можеме да обезбедиме сите аспекти на австралискиот живот да бидат сеопфатни и достапни.

Наодите на Кралската комисија за насилството, малтретирањето, запоставувањето и експлоатацијата на луѓето со попреченост дополнително ќе го поттикне сегашното подготвување на Стратегијата како план за повклучително и праведно општество.

Стратегијата ја препознава и почитува разновидноста на луѓето со попреченост. Таа ја препознава важноста на приспособувањето на активности за да се земе предвид таа разновидност.

Низ широки консултации и ангажирање, луѓето со попреченост и секторот за попреченост ги споделија нивните искуства и широкоградо го посветија нивното време за да обезбедат новата Стратегија да е практична, ефикасна и насочена.

Посилен фокус на политиката во поглед на домувањето, безбедноста, вработувањето и однесувањето на заедницата е директен резултат на тоа што луѓето со попреченост истакнаа дека е важно за нив.

Пред сè, Стратегијата е фокусирана на меѓусебно поврзани области на резултати со опипливи и достижни приоритети на политики. Ригорозно одмерување, проценување и известување за резултатите се вградени.

Стратегијата се потпира врз значајната работа на Националната стратегија за попреченост 2010-2020 за воспоставување на национален приод кон подобрување на животите на луѓето со попреченост. Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Scheme) е извонредно достигнување на овој процес.

Новата Стратегија е инспиративна патна мапа што го покажува патот напред. Таа ја претставува нашата национална посветеност да му се овозможи на секој Австралиец да го достигне својот потенцијал, да постигнува, да биде праведно третиран и да има вистински избор.

Во *Австралиската Стратегија за попреченост* 2021–2031, ние ги афирмираме вредностите на почитување, вклученост и еднаквост, и ги прифаќаме како фундаментални за нашиот национален индентитет.

# Визија и цел

***Австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031* (*Australia's Disability Strategy 2021-2031* Стратегија) е австралиска национална рамковна политика за попреченост. Таа претставува план за продолжување на подобрувањето на животот на луѓето со попреченост во Австралија во следните десет години.**

## Визија

Визија на Стратегијата е **сеопфатно австралиско општество кое обезбедува дека луѓето со попреченост може да го постигнат нивниот потенцијал како рамноправни членови на заедницата.**

Во согласност со обврските на Австралија според Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост (UN CRPD), оваа Стратегија ќе игра важна улога во заштитата, промовирањето и остварување на човековите права на луѓето со попреченост.

## Цел

Цел на Стратегијата е:

- да обезбеди национално раководење кон поголема вклученост на луѓето со попреченост
- да насочува активности во сите области на јавната политика да бидат вклучителни и чувствителни кон луѓето со попреченост
- да ги наведува главните служби и системи да ги подобруваат резултатите за луѓето со попреченост
- да ја ангажира, информира и вклучува целата заедница во постигнувањето на повклучително општество.

# Области на резултати

**Областите на резултати во Стратегијата одредуваат каде владите на сите нивоа, кои работат со заедницата и бизнисот, ќе се фокусираат на воведување подобрувања за луѓето со попреченост.**

## Вработување и финансиска сигурност

**Резултат: Луѓето со попреченост имаат економска сигурност што им овозможува да ја планираат иднината и да имаат избор и да ги контролираат нивните животи**

***Вработувањето и финансиската сигурност се во центарот на подобрувањето на резултатите за луѓето со попреченост. Тоа вклучува обезбедување работа и професионални можности, и постоење на соодветен приходи за луѓето да ги задоволат нивните потреби.***

### Приоритети на политиката

1. Зголемување на вработеноста на луѓето со попреченост.
2. Подобрување на преминувањето на младите луѓе со попреченост од образование до вработување.
3. Јакнење на финансиската самостојност на луѓето со попреченост.

## Вклучителни домови и заедници

**Резултат: Луѓето со попреченост живеат во вклучителни, достапни и добро дизајнирани домови и заедници**

***Имањето соодветно домување и заедница што е достапна и сеопфатна е од централно значење за тоа како луѓето со попреченост живеат, работат и се дружат.***

### Приоритети на политиката

1. Зголемување на расположливоста на достапно домување.
2. Домувањето е достапно и луѓето со попреченост имаат избор и контрола во поглед на тоа каде живеат, со кого живеат и кој доаѓа кај нив дома.
3. Луѓето со попреченост можат целосно да учествуваат во општествениот, рекреативниот, спортскиот, верскиот и културниот живот.
4. Изградената и природната средина се достапни.
5. Транспортните системи се достапни за целата заедница.
6. Информативните и комуникациските системи се достапни, сигурни и одговараат на потребите.

# Безбедност, права и правда

## Резултат: Правата на луѓето со попреченост се промовирани, поддржани и заштитени, а луѓето со попреченост се чувствуваат безбедни и уживаат рамноправност пред законот

***Луѓето со попреченост ги имаат истите права како луѓето без попреченост. Прифаќањето на овие права од страна на заедницата е од суштинска важност за зголемувањето до максимум на економското учество, општествената вклученост, сигурноста и еднаквоста.*** **Австралискиот Закон против дискриминација на попреченоста од** 1992 (DDA) ***ја прави нелегална дискримацијата врз основа на попреченост. И покрај тоа, луѓето со попреченост и натаму се изложени на дискриминација во секојдневниот живот.***

### Приоритети на политиката

1. Луѓето со попреченост се безбедни и се чувствуваат безбедни од насилство, малтретирање, запоставување и експлоатација.
2. Политики, процеси и програми обезбедуваат подобри реакции за луѓето со попреченост кои доживеале траума.
3. Политики, процеси и програми за луѓето со попреченост промовираат родова еднаквост и спречуваат насилство против групи изложени на зголемен зголемен ризик, вклучително жените и децата.
4. Правата на луѓето со попреченост се промовирани, поддржани и заштитени.
5. Луѓето со попреченост имаат еднаков пристап кон правдата.
6. Системот на кривична правда ефикасно реагира во поглед на сложените потреби и ранливоста на луѓето со попреченост.



## Лична и поддршка од заедницата

### Резултат: Луѓето со попреченост имаат пристап кон низа облици на поддршка за да им помогнат да живеат самостојно и да се ангажираат во нивните заедници

***Личната поддршка и поддршката од заедницата, вклучително специјалистичката поддршка за попреченост и службите достапни на широката јавност, се од основно значење за подобрување на севкупните резултати за луѓето со попреченост.***

### Приоритети на политиката

1. Луѓето со попреченост можат да добијат поддршка што ги задоволува нивните потреби.
2. Националната програма за осигурување на лица за попреченост (National Disability Insurance Scheme) обезбедува разумна и потребна поддршка за попреченост на луѓето со трајна и значителна попреченост кои ги исполнуваат условите.
3. Улогата на неформална поддршка е препознаена и поддржана.
4. Луѓето со попреченост добиваат поддршка да имаат пристап на технологија за помош.



## Образование и учење

### Резултат: Луѓето со попреченост го достигнуваат нивниот целосен потенцијал низ образование и учење

***Пристапот на формално и неформално образование обезбедува патишта до вработување, финансиска самостојност и збогатен живот. Потребна е поголема поддршка за подготвување за училиште на деца со попреченост и работа со млади луѓе со попреченост во текот на нивното образование за да се подобри здобивањето на средношколски и високошколски квалификации.***

#### Приоритети на политиката

1. Децата со попреченост имаат пристап и може да учествуваат во висококвалитетна предучилишно образование и нега.
2. Создавање способности во обезбедувањето вклучително образование заради подобрени образовни резултати за учениците со попреченост.
3. Подобрување на патиштата и достапноста на натамошното образование и обука на луѓето со попреченост.
4. Луѓето со попреченост имаат зголемени можности да учествуваат во достапно и сеопфатно образование во текот на животот.

## Здравје и добросостојба

### Резултат: Луѓето со попреченост достигнуваат најдобри можни резултати во однос на здравјето и добросостојбата во текот на животот

***Доброто здравје и добросостојба, вклучително менталното здравје, се критични одредници на квалитетот на живот на едно лице. Тоа посебно е случај за луѓето со попреченост. Потребна е поголема поддршка за да се подобри здравјето и добросостојбата на луѓето со попреченост, вклучително пред, за време и после катастрофи и јавни вонредни состојби.***

#### Приоритети на политиката

1. Сите даватели на здравствени услуги имаат способности да ги задоволат потребите на луѓето со попреченост.
2. Здравствените услуги за спречување и рано интервенирање се навремени, сеопфатни, соодветни и ефикасни да поддржат подобро севкупно здравје и добросостојба.
3. Поддршката и услугите за ментално здравје се соодветни, ефикасни и достапни за луѓето со попреченост.
4. Подготвеноста за катастрофи, плановите за справување со ризици и реагирањата на јавни вонредни состојби ги вклучуваат луѓето со попреченост и ги поддржуваат нивното физичко и ментално здравје и добросостојба.

# Однесување на заедницата

## Резултат: Однесувањето на заедницата ја поддржува еднаквоста, вклученоста и учеството на луѓето со попреченост во заедницата

***Создавањето позитивен однос на заедницата спрема луѓето со попреченост се во центарот на достигнувањето на едно вклучително општество и подобрување на сите резултати за луѓето со попреченост. Справувањето со чувството на срам, несвесната пристрасност и недостигот од разбирање на попреченоста ќе придонесат за позитивни секојдневни искуства и признавање на придонесот што луѓето со попреченост може да го дадат на општеството.***

### Приоритети на политиката

1. Работодавците го ценат придонесот што луѓето со попреченост го даваат на работната сила и ги препознаваат користите од вработување на луѓето со попреченост.
2. Клучните професионални работни сили можат со доверба и позитивно да одговорат на луѓето со попреченост.
3. Зголемување на учеството на луѓето со попреченост во раководни улоги.
4. Со Стратегијата, подобрувањето на односот на заедницата ќе има позитивно влијание на приоритетите на политики.



# Примена—Исполнување на области на резултати

**Владите се посветени на заедничко работење со луѓето со попреченост, заедниците, бизнисите и невладиниот сектор заради примена на оваа Стратегија и остварување на нејзината визија на координиран и насочен начин за да се постигне вистинска промена. Тоа вклучува обезбедување дека во текот на важењето на Стратегијата, нејзиното подготвување и примена реагираат на потребите што се менуваат.**

## Интерсекционалност и разноличност

Интерсекционалноста препознава дека на едно лице или група луѓе може да влијаат повеќе форми на дискриминација и неповолност поради нивната раса, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, попреченост, класа, религија, возраст, социјално потекло и други одредници на идентитетот. Во текот на важењето на Стратегијата, ќе се преземаат активности за спроведување на приоритетите на политиките со интерсекциски и леќи на разноличност. Тоа ќе обезбеди на интерсекционалната дискриминација да се реагира проактивно, а маргиналните групи да можат да имаат пристап на приспособени ресурси, услуги и поддршка.

## Улоги и одговорности

Австралиската влада, владите на државите и териториите и локалните влади, заедно со бизнисите, заедницата и невладиниот сектор, играат улога во вклученоста и поддршката на луѓето со попреченост.

Сите нивоа на власта продолжуваат да играат улога во обезбедувањето главни и насочени услуги, поддршка и инфраструктурни системи за луѓето со попреченост. Наведувањето клучни улоги на власта и обврски помагаат секој да разбере кое ниво на управа е одговорно за системите кои може да бидат користени од луѓето со попреченост.

Во многу случаи повеќе од едно ниво на власта има некои одговорности за некоја поддршка или систем на услуги. Меѓутоа, во мнозинството случаи едно ниво на власта има примарна одговорност за обезбедување на некој систем. Во табелата подолу се дадени некои примери:

| Австралиска влада | Влади на државите и териториите | Локални влади | Одговорноста е споделена |
|---|---|---|---|
| NDIS* (администрација) | Јавни болници | Пристапни згради | NDIS* (финансирање и споделено управување) |
| | | | Поддршка за ментално здравје |
| Исплати за поддршка на приходите | Јавно, социјално и домување во заедницата | Општински служби | Служби за застапување на лица со попреченост |
| Служби за вработување | Јавни основни и средни училишта | Локални паркови и објекти за рекреација | Комунална инфраструктура |

Опис на клучните улоги и одговорности на власта е на располагање на веб-страницата на Стратегијата. Луѓето кои немаат пристап до интернет може да се јават на телефонската линија за помош на National Disability Information Gateway на 1800 643 787.

* NDIS (National Disability Insurance Scheme) е програма на национална основа која е заеднички управувана и финансирана од Австралиската влада и од владите на државите и териториите. Функционирањето на NDIS е обврска на Националната агенција за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Agency), корпоративен ентитет на Комонвелтот.



## Водечки принципи

За да се оствари визијата на Стратегијата, владите се посветени на подготвувањето и примената на политиките, програмите, услугите и системите кои ги одразуваат приниципите за човечки права на UN CRPD.

Оттука, следните Водечки принципи се базираат врз Членот 3 од UN CRPD. Владите се согласија да ги користат овие Водечки принципи кога подготвуваат политики, програми, услуги и системи. Од животно значење е бизнисите, невладиниот сектор и пошироката заедница исто така да разгледаат како можат да ги применат овие принципи.

| | |
|---|---|
| **Принцип еден** | **Почитување на природното достоинство и индивидуалната самостојност, вклучувајќи ја слободата на правење сопствен избор, и независноста на лицата** |
| **Принцип два** | **Недискриминација** |
| **Принцип три** | **Целосно и ефективно учество и вклученост во општеството** |
| **Принцип четири** | **Почитување на разликите и прифаќање на лицата со попреченост како дел од разноликоста на луѓето и на човечкиот род** |
| **Принцип пет** | **Еднакви можности** |
| **Принцип шест** | **Достапност** |
| **Принцип седум** | **Еднаквост на луѓето** |
| **Принцип осум** | **Почитување на развојните способности на децата со попреченост и почитување на правото на децата со попреченост да го зачуваат својот идентитет** |

## Планови за насочена акција

Плановите за насочена акција (Targeted Action Plans) интезивно се фокусираат во период од една до три години на реализацијата на конкретни остварливи области кои ги подобруваат резултатите за лицата со попреченост.

Првите пет планови за насочена акција се фокусираат на вработувањето, однесувањето на заедницата, раното детство, безбедноста и постапувањето во вонредни ситуации.

Нови планови за насочена акција ќе бидат правени преку ангажирање со луѓе со попреченост.

# Здружени планови

Здружените планови обезбедуваат покоординиран долгорочен пристап на тоа како владите работат на подобрувањето на резултати за луѓето со попреченост. Со сите здружени планови ќе биде јасно идентификувано како тие придонесуваат за постигнување на резултатите на Стратегијата и ќе бидат објавени на веб-страницата на Стратегијата.

Здружените планови се фокусирани на подобрувањето на аспекти на австралискиот живот (на пример, уметничкиот сектор) или на конкретен сегмент на заедницата (на пример, луѓе со интелектуална попреченост) и главно се одвиваат три до десет години.

Здружените планови ќе го вклучат брендот на Стратегијата наведен подолу.

Бизнисите и организациите во заедницата кои сакат да ја покажат нивната приврзаност на Стратегијата може да ги користат логата наведени подолу.

# Рамка на резултати

Рамката на резултати (Outcomes Framework) ги следи промените на резултатите што се случуваат со време за луѓето со попреченост и помага да се преземат активности обезбедувајќи да се гледа дали резултатите се подобруваат. Тоа вклучува мерење на придонесот што го прават клучни области како што се здравствената нега, образованието, вработувањето и домувањето.

Годишни извештаи за Рамката на резултати и контролната табла ќе покажуваат колкав напредок е направен во однос на секој приоритет на политика (Policy Priority) поставен во Стратегијата. Каде е тоа на располагање, податоците ќе бидат разложени. Како што податоците се подобруваат, Рамката на резултати ќе биде ажурирана.

Рамката на резултати е достапна на веб-страницата на Стратегијата.

## Подобрување на податоците

Владите се посветени на заедничка работа и споделување на податоци заради поддршка на промени базирани врз докази. Подобрените резултати ќе ја поддржат Рамката на резултати, процените и подготвувањето на политика. Сеопфатна стратегија за податоци ќе биде подготвена во 2022 година.

## Известување според Стратегијата

Сите влади се посветени на давањето сеопфатно и видливо известување заради подобрување на одговорноста според Стратегијата.

Известувањето според Стратегијата ќе го дополнува известувањето според плановите за попреченост на владите на државите и териториите и на локалните органи на управа.

Ќе бидат подготвени следните извештаи:

- **Извештај за плановите за насочена акција** – Овој годишен извештај ќе се однесува на напредокот на примената, успесите  и вкупниот статус. Тој ќе биде координиран од Австралиската влада.
- **Рамката на резултати (Контролна табла)** – Ова годишно ажурирање ќе содржи податоци од високо ниво во споредба со резултатите на Стратегијата. Тоа ќе биде подготвено од независен специјалист за податоци.
- **Извештај за примената** - Овој извештај што ќе биде подготвен секоја втора година ќе го вклучува напредокот во однос иницијативите за попреченост на сите нивоа на власта. Тој ќе вклучува консултации со луѓе со попреченост, со Австралиската комисија за човекови права и со пошироката заедница.
- **Извештаи за процени** – Двата главни извештаи за процена (Evaluation Reports) ќе бидат направени во 2025 и 2029 година. Извештаите ќе бидат направени врз основа на една независна ревизија за тоа колку Стратегијата создава подобрувања за луѓето со попреченост. Луѓето со попреченост, Австралиската комисија за човекови права и клучни заинтересирани страни ќе бидат консултирани при подготвувањето на извештајот пред да им биде даден на владите на одобрување.

## Процена на тоа што го правиме

Процените на политиката, програмата и системот се од критично значење за да се разбере што работи добро или треба да се подобри за луѓето со попреченост. Процените ќе можат да покажат како политиките, услугите и програмите придонеле за резултатите во однос на Стратегијата.

Кога ќе ги прават процените, владите ќе ги најават јавно планираните процени, ќе ги објават наодите на процените и ќе ги споредат со листата за проверка на правилното проценување на Стратегијата.

До крајот на 2022 година, во соработка со луѓето со попреченост, владите ќе подготват водич за тоа како луѓето со попреченост да бидат вклучени во проценувањето.

## Создавање на база на докази

Создавањето на база на докази е клучен дел на Стратегијата. Стратегијата ќе го поддржи истражувањето на попреченоста и претворањето на наодите во акции што ги поддржуваат резултатите на Стратегијата.

Националното партнерство за истражување на попреченоста (National Disability Research Partnership, Партнерство) ќе помогне во создавањето на базата на докази. Партнерството го промовира користењето на политика врз основа на докази и пракса.
Партнерството е фокусирано на попреченоста и главните услуги, вклучително образованието, здравјето, домувањето и правдата, и го помага истражувањето.

## Модел на управување

Моделот на управување (Governance Model) им помага на владите да соработуваат на координиран начин за да ги остварат целите на Стратегијата. Тоа вклучува идентификација и давање приоритет каде треба да има акции и посочува како владите ќе известуваат каков напредок е направен за подобрување на животот на луѓето со попреченост. Моделот на управување е достапен на веб-страницата на Стратегијата.

## Ангажирање на луѓето со попреченост

Луѓето со попреченост ќе играат централна и активна улога во Стратегијата додека таа важи.

Планот за ангажирање на Стратегијата е објавен на веб-страницата на Стратегијата. Тој ги наведува начините на кои луѓето со попреченост ќе бидат ангажирани додека важи Стратегијата, за да придонесат за нејзината примена, надгледување, известување и идно насочување на политиката.

## Патна мапа на Стратегијата

Едноставен преглед на клучните елементи што може да се испорачаат направени според Стратегијата е објавен во патната мапа на Стратегијата на веб-страницата на Стратегијата. Тој покажува кога треба да се поднесуваат извештаи и кога ќе се одржуваат консултации и други големи активности.

## Веб-страница на Стратегијата

Сите документи на Стратегијата се достапни на посветената веб-страница на Стратегијата, вклучително најновите извештаи и соопштенија.  Веб-страницата на Стратегијата е на www.disabilitygateway.gov.au/ads.

## Подготвување на стратегијата

Гласовите на луѓето со попреченост, на нивните семејства, пријатели, негуватели, организации за застапување, врвни тела и даватели на услуги имаат централна улога во подготвувањето на Стратегијата.

Консултациите за Стратегијата беа дизајнирани и спроведени со луѓе со попреченост. Консултациите беа понудени на низа различни начини на кои луѓето со попреченост може да учествуваат. Консултациите исто така беа фокусирани на директно ангажирање со луѓе кои обично не учествуваат масовно во процеси на јавни консултации.

## Улогата на Австралиската комисија за човекови права и застапувањето

Австралиската комисија за човекови права игра значајна улога во промовирањето и заштитата на правата на луѓето со попреченост. Застапувањето на попреченоста исто така им помага на луѓето со попреченост да ги заштитат нивните права, да уживаат рамноправност и да ги надминат бариерите кои влијаат на нивната способност за учество во заедницата.